# ИНФОДЕМИЈА – Ширењето лажни вести е речиси еднакво опасно како и ширењето на вирусот

## *Личен став,*
## *Амер Капетановиќ, шеф на Политичкиот оддел во Регионалниот совет за сорботка (РСС)*

На лажни вести за корона вирусот наидов уште на самиот почеток на пандемија на европско тло. Пораката на англиски јазик, која, наводно, потекнува од европскиот епицентар на пандемија, северна Италија, ми стигна преку Вибер, од една од тие вибер групи на пријатели и роднини. Оваа лажна информација беше дизајнирана да поттикне страв и паника: *„... она што го гледате деновиве во медиумите за Италија е направено за да се прикрие вистината. Она што е вистина е дека вирусот корона не ги убива старите лица, туку првенствено децата. Видов дека младите луѓе буквално умираат на подот на болничките ходници, во болка и агонија. Затоа, не верувајте никому, не излегувајте без разлика колку години имате и ве молиме, пренесете ја оваа порака на ... “.*

И покрај официјалните извештаи на Светската здравствена организација (СЗО), покрај статистичките податоци кои науката ги потврди, процентите, зборовите на лекарите и експертите, се чинише дека оваа информација предизвика големо внимание на луѓето што ги познавам, па мнозинството од нив поверува и поради тоа беа преплашени до смрт.

Освен очигледната физичка болест и смрт, пандемијата „Ковид-19“ прошири огромен страв од непознатиот и невидлив убиец, што ги спречи луѓето да го ограничат стравот со разум, паниката со трпеливост, а неизвесноста да ја надминат преку образованието. Во такви околности, теориите на заговор се шират без никаква основа во струката и без соодветно проверување на фактите, на пр. „Хлорокин е докажан лек“ или „децата се имуни на COVID-19“ или „5G мрежата ја предизвика пандемијата“. Овие пораки може да содржат бескорисни, погрешни, па дури и штетни информации и совети, кои можат да го попречат одговорот на јавното здравство на кризата и да придонесе за социјални немири и поларизација.

Ниту нашиот регион не остана имун. Дискурсите од типот *„можеби овој вирус е направен во лабораторија и е насочен против Кна и Иран“*, како и многубројни други, можеа да се видат во традиционалните медиуми и на социјалните мрежи во целиот регион. Безброј лажни и злонамерни информации ја контаминираа јавната сфера до тој степен, што ја натера Светската здравствена организација да ги прогласи за прва „инфодемија“ во човековата историја, предупредувајќи во истовреме, дека ширењето на лажни вести е речиси еднакво опасно како и ширењето на вирусот.

Лажната приказна доаѓа до луѓето шест пати побрзо од вистинската. Во време на криза е изразена тенденцијата на дел од населението повеќе да верува во слуховите, отколку на официјалните информации, како последица на емотивната реакција на стравот. Така, информациите се шират и натаму, и иако, повеќето тоа го чинат без лоша умисла и едноставно затоа што не се доволно информирани да ги препознаат непроверените информации, сепак тоа може да предизвика проблеми во целото општество. Кога лажните информации и дезинформации се повторуваат и се

продлабочуваат, вистинската опасност е во тоа што информациите базирани врз вистината ќе имаат ограничено влијание.

Што може да се стори за да добијат поголема тежина вистинските информации кои можат да спасат животи?

По скандалот со компанијата „Кембриџ Аналитика“ и „Фејсбук“, поврзан со резултатите на референдумот на кој беше решено Велика Британија да ја напушти Европската унија, во март 2019 г. ЕУ донесе акт со кој избрите се штитат од злоупотреба на податоците. Можеби ќе се сетите и на случајот од минатата година, кога беше утврдено дека околу 500 сомнителни страници и групи на „Фејбук“ од целиот регион ширеле лажни наративи и користеле други манипулативни тактики за промоција на групите на крајната десница и на антиевропските групи, за време на кампањата за европските избори. Европскиот парламент ги осуди Русија, Кина, Иран и Јужна Кореја поради кампањата со дезинформации во Европа.

Регионалниот совет за соработка врз база на овие европски искуства, работи врз создавање платформа за Западен Балкан која ќе работи на сузбивање на лажните вести.

Финска, на пример, предводи во борбата против лажните вести, подучувајќи ги учениците уште од основното образование како да се борат против лажните вести и да ги научат вештините за медиумска писменост. Таа е дел од програмата за образование во Финска од 2014 година, кога земјата беше мета на лажни вести и стории од Русија. Токму затоа, не е изненадувачки што Финска се најде на првото место според индексот на медиумска писменост со 78 поени, во однос на Велика Британија, Франција и Италија со 60, 59 и 51 поен, соодветно.

Истражувањето на агенцијата Галуп[1] покажа дека во некои економии од Западен Балкан, граѓаните генерално веруваат дека ризикот од вирусот корона е претеран, при што во некои случаи маргината е многу голема, над 70 проценти од испитаниците. Како и што се очекуваше, Французите, Данците, Австријците, Италијанците и другите, имаат сосема спротивен став, над 70 проценти од нив, не гледаат преувеличување на опасноста. Ниското ниво на медиумска писменост во регионот, меѓу другото, се чини дека игра клучна улога за ваквите резултати.

Затоа треба да се вклучиме, да пронајдеме соодветен регионален механизам и да развиеме одржливи алатки за да им помогнеме на медиумите и на пошироката јавност на Западен Балкан да прават разлика помеѓу потврдените информации објавени од веродостојни медиуми и лажни информации или дезинформации на социјалните мрежи. Како што е веќе докажано во времето на короната, образованите и правилно информирани граѓани, кои одржуваат социјална дистанца и се однесуваат одговорно, се клучен фактор за тоа како да се справиме со пандемијата. Борбата против инфодемијата бара иста грижа и одговорност. Ако медиумите и граѓаните можат да ги препознаат и да ги ограничат неточните информации и да овозможат тие да „умрат“ во корпата за отпадоци на нивните електронски уреди, тоа дефинитивно ќе ја запре „контаминацијата“ од поголеми размери со незаконски наративи.

Особено ми е мило што можам да видам дека мрежата, односно платформата на невладините агенции на Западен Балкан[2] веќе вложуваат напори да ја поттикнат проверката на фактите и

---

[1] *Gallup International* - https://www.gallup-international.bg/en/43073/the-coronavirus-a-vast-scared-majority-around-the-world-according-to-the-snap-poll-by-gallup-international-association/

[2] *Регионална мрежа на организациии од Западен Балкан кои се занимаваат со проверка на факти формираше заедница на Вибер под името „Ковид 19 Проверено“, при што дневно следи, прверува и*

разоткривањето на лажните вести и наративи. Ова е особено добар чекор во вистинска насока, но далеку е од доволно, треба пристап во кој против оваа, еднакво штетна појава, ќе бидат вклучени сите, сите нивоа на власта и целото општество. Треба да сториме многу повеќе во сите сфери од животот.

И пред да заврши, пандемијата на Ковид 19 може да не научи на многу нови нешта во науката, во меѓучовечките односи, во потребата за соработка, во економијата, за начините на кои ги делиме знаењето, безбедноста, хигијената, емпатијата и уште многу други нешта, но една работа е очигледна, а тоа е, дека резултатите ќе бидат видливи само со заедничко, координирано и одговорно дејствување. Поради тоа, Регионалниот совет за соработка во целост е подготвен на располагање за дополнителни иницијативи поврзани со сузбивањето на лажни вести и наративи.

***Амер Капетановиќ** е дипломат, политички аналитичар и новинар кој се приклучи на Регионалниот совет за соработка после 19 години долга кариера на различни позиции во дипломатијата на Босна и Херцеговина. Автор и коавтор е на две книги и на бројни анализи и статии објавени во домашните и во странските медиуми

---

*открива дезинформации во јавниот простор на Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска, Северна Македонија, Словенија ии Србија, со посебен акцент на дезинформациите за пандемијата со Ковид 19.*